Анализа на јавното мислење бр. 27/2023

# Анализа на јавното мислење за македонскиот процес за пристапување кон ЕУ (2014-2023)

Автор: Иван Дамјановски

-

декември 2023



IDSCS | Институт за демократија
Социетас цивилис - Скопје

KONRAD
ADENAUER
STIFTUNG

*Гледиштата изразени во овој документ се на авторот и не нужно ги одразуваат гледиштата на Фондацијата Конрад Аденауер и Институтот за демократија “Социетас Цивилис” - Скопје.*

# Импресум

**Наслов:** Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2014-2023)

**Издавач:** Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија
Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје

**Автор:** Иван Дамјановски

**Превод:** Гордан Танасков

**Дизајн:** Линија ДООЕЛ Скопје

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**

https://idscs.org.mk

https://www.kas.de/en/web/nordmazedonien

# Резиме на резултатите

- Охрабрувачките трендови околу проширувањето на ЕУ и околу перспективите за пристапување на регионот кон ЕУ немаа позитивно влијание на поддршката за членство во ЕУ во земјата.
- Во 2023 г., 60% од македонското население ги поддржува перспективите на земјата за членство во ЕУ, што е најнизок процент на поддршка до сега.
- Падот на поддршката за членство во ЕУ немаше никакво влијание на евроскептичните ставови на населението бидејќи само 12% од населението е отворено евроскептично.
- Популацијата на неопределени и апатични испитаници во изминативе три години се зголеми на приближно 30%.
- Постои значителен јаз меѓу двете најголеми етнички заедници - Македонците и Албанците во земјата во однос на степенот на поддршка за членство во ЕУ.
- 57% од етничките Македонците го поддржуваат членството во ЕУ.
- Значително поголем процент од етничките Албанците (78%) се за членство во ЕУ.
- Сè поголем е бројот на неопределени испитаници во двете етнички групи.
- Испитаниците со високо образование и високи примања имаат тенденција да даваат поголема поддршка за членството на земјата во ЕУ.
- Само 53% од младата популација (18-24 години) го поддржува членството во ЕУ.
- Членството во ЕУ е многу важно за 40% од населението.
- За 20% од населението членството во ЕУ воопшто не е важно.
- Етничките Македонци генерално се попесимисти и покритични кон процесот на пристапување во споредба со етничките Албанци.

- 66% од населението смета дека земјата не е подготвена за членство во ЕУ.
- На општата популација ѝ недостига сеопфатно познавање на механизмите на условување на ЕУ па поради дефицитот на информации таа не е во можност да направи реална и конзистентна евалуација на успешноста на пристапниот процес.
- Минимално мнозинство од населението забележало барем одреден напредок во процесот на пристапување во 2023 г..
- Повеќе од една третина од населението го дели мислењето дека воопшто нема напредок во пристапниот процес.
- 44% од населението смета дека неспособноста на земјата да обезбеди задоволителен успех на реформите стана најважна причина за тоа зошто земјата не може да се стекне со членство во ЕУ.
- Една третина од населението верува во пореалната перспектива Северна Македонија да стане членка на ЕУ во следниве 10 години.
- Една третина од населението е песимист и не верува дека земјата некогаш ќе стане членка на ЕУ.
- Економските очекувања и понатаму се главни детерминанти за поддршката на членството во ЕУ.
- Мнозинството од испитаниците кои го поддржуваат членството на Северна Македонија во ЕУ ја засноваат својата поддршка во исчекувањето на идните материјални придобивки од процесот на европска интеграција.
- Најчеста причина за одлуката да се поддржи членството во ЕУ е очекувањето дека тоа ќе го подобри животниот стандард во државата во иднина.
- Значителен дел од населението континуирано ја заснова својата поддршка за членство во ЕУ на нематеријалистички очекувања.
- Релативно мал број на испитаници (13%) ја засноваат својата поддршка за членство во ЕУ на претпоставката дека членството во ЕУ ќе го подобри квалитетот на демократијата во земјата.

- Мнозинството од населението верува дека најголемите позитивни ефекти од процесот на интеграција во ЕУ ќе се случат во економијата.
- 90% од испитаниците не веруваат дека членството на Северна Македонија во ЕУ ќе го намали иселувањето на младото население во странство.
- Факторите засновани на вредности и идентитет се клучни детерминанти на евроскептицизмот.
- Поддршката за членство во ЕУ кај  симпатизерите на СДСМ ги одразува ставовите на партиското раководство и изнесува 90 отсто.
- Се намалува процентот на евроскептични ставови кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ.
- Повеќе од една третина од поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ се или неопределени (20%) или не би гласале на хипотетички референдум за членство во ЕУ.
- Има значителни разлики во перцепциите на поддржувачите на двете најголеми политички партии во однос на процесот на пристапување во ЕУ.
- 93% од гласачите на СДСМ сметаат дека земјата напредувала во евроинтеграцискиот процес во 2023 г.. 70% од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ сметаат дека државата воопшто не напредувала или дека назадувала во изминатата година.
- Додека 60% од гласачите на СДСМ го делат мислењето дека земјата е подготвена за членство во ЕУ, повеќе од 83% од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ веруваат во спротивното.

# Вовед

Поддршката за членство на Северна Македонија во Европската Унија (ЕУ) и нејзиниот пристапен процес се јавува како предмет на бројни истражувања на јавното мислење. Меѓутоа, најголемиот број од овие истражувања се од ad hoc природа и ретко кога се врамени во лонгитудинална и конзистентна методолошка рамка. Постои очигледен недостаток од унифицирани бази на податоци кои би понудиле повторливи истражувања на јавното мислење кои би ги мереле ставовите на јавноста низ воедначена и кохерентна методолошка рамка преку повеќегодишни временски периоди. Со цел да се пополни оваа празнина, Институтот за демократија „Социетас Цивилис"- Скопје и Фондацијата „Конрад Аденауер" во 2014 г. започнаа со воспоставување на лонгитудинална база на податоци за јавната поддршка на пристапниот процес и членството на Македонија во ЕУ која би се создавала преку годишни истражувања на јавното мислење засновани на кохерентна методологија и мерење на идентични прашања. Оваа база на податоци се сосредоточува на две димензии на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон ЕУ коишто се адресираат во секое годишно истражување, а чиешто мерење се ефектуира преку користење на идентична батерија на анкетни прашања. Едната димензија се однесува на утврдување на општи трендови на јавната поддршка на членството на Северна Македонија во ЕУ. Втората цел е да се воспостават детерминанти за таквата поддршка преку долгорочна анализа на влијанието на три фактори: рационално-утилитарни, идентитетски и сугестии од политички елити и политички партии. Ваквата акумулација на споредливи податоци го отвора патот за воспоставување на посериозни лонгитудинални анализи на поддршката за членството на Северна Македонија во ЕУ. Притоа, како надополнување на овој унифициран дизајн, секое годишно истражување понатаму го испитува и јавното мислење за евроинтеграциските процес, низ призма на актуелни теми специфични за конкретни временски периоди, што пак е прикажано во посебна публикација.

Појдовна точка на ваквиот пристап се наодите на монографијата „Јавното мислење и процесот на пристапување на Македонија кон Европската Унија (2004-2014)[1]", објавена во 2014 г., која воедно ги вклучува и податоците од истражувањето на јавното мислење спроведено во 2014 г., а кое претставува референтна методолошка точка за сите подоцнежни истражувања. Оваа опсежна студија оствари две цели. Прво, утврди општи трендови на

[1] Дамјановски, Иван. "Јавното мислење и пристапувањето на Македонија кон Европската унија (2004-2014)", Фондација Конрад Аденауер / Институт за демократија „Социетас Цивилис" – Скопје, 2014

поддршка на членството на Северна Македонија во ЕУ кои укажуваат на корелација помеѓу динамиката на поддршката за членство во Европската Унија  и развојот на македонскиот процес на пристапување кон ЕУ манифестирана во два временски периоди: 2004-2009 како период на конзистентна и исклучително висока поддршка и 2010 - 2014 како период на постепен пад на поддршката за членство во ЕУ. Второ, студијата воспостави аналитички модел на детерминантите на поддршката за членство во ЕУ преку соодносот на три фактори на креирање на јавни ставови: рационално-утилитарни, идентитетски и сугестивно влијание на политичките партии.[2] Рационално-утилитарната рамка ја претпоставува важноста на калкулацијата на материјални придобивки како главен двигател на ставовите на поединците за поддршка на процесот на европска интеграција.  Во овој контекст, поддршката може да се заснова на моментални или идни перцепции околу личната или општествената корист од пристапувањето кон Европската Унија. Од друга страна, поддршката на процесот на европска интеграција може да биде резултат и на влијанието на идентитетски и вредносни фактори кои го обликуваат светогледот на поединецот, кој следствено е основа за формирањето на ставовите кај поединецот. Притоа, степенот на национална самоидентификација и чувството за културолошка закана се манифестираат како примарни фактори за варијација во ставовите. Конечно, формирањето на јавните ставови околу членството во Европската Унија може да биде и резултат на влијание на политичките партии кои се способни своите ставови околу одредени важни општествени прашања да ги наметнат на своите симпатизери. Оттука, се претпоставува дека разликите во ставовите околу процесот на европска интеграција зависат од воедначеноста на ставовите на политичките партии околу ова прашање.

[2] За поопсежно теоретско објаснување на моделот, види: ibid, стр. 13-24

# За истражувањето

Оваа анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување во Европската Унија спроведена во 2023 г. се надоврзува на истражувањата спроведени во 2014, 2016, 2017, 2018, 2019, 2020, 2021 и 2022 година. Таа го користи истиот теоретско-аналитички модел на утврдување на детерминантите на поддршка на членството на Северна Македонија во ЕУ, а истовремено своите емпириски наоди ги споредува со наодите од истражувањата од претходните истражувања.

Примарните податоци кои се користени во оваа анализа произлегуваат од анкетно истражување на јавното мислење спроведено во текот на месец ноември 2023 г. на примерок од 1000 испитаници. Примерокот е национално репрезентативен според пол, возраст (над 18 години), етничка припадност и исто така, покрива испитаници од сите шест изборни единици во земјата. Резултатите се претставени во проценти и се предмет на грешка од ±3%.

Ова истражување користи иста методологија и прашалник како анкетните истражувања спроведени во минатите години. Со ваквиот пристап се создаваат услови за мини лонгитудинална анализа на поддршката за пристапувањето на Северна Македонија кон Европската Унија во последните десет години. Дополнително, прашалникот кој се користеше за потребите на овогодинешното истражување е ажуриран со воведување на целосно нови прашања и со измени на некои од постојните варијабли. Оттука, во согласност со претходно воспоставениот аналитички модел, оваа студија се фокусира на анализирање на општите трендови и на основните детерминанти на поддршка за членството на Северна Македонија во Европската Унија во периодот 2014-2023 год.

# Општи трендови

Нискиот кредибилитет на перспективата за пристапување на Северна Македонија во ЕУ во изминатава деценија беше клучниот фактор за континуираниот пад на јавната поддршка во земјата за членство во ЕУ. Овие трендови беа иницирани од долготрајната грчка блокада на пристапниот процес поради спорот за името меѓу двете земји. И покрај тоа што укинувањето на оваа блокада што се случи како резултат на ратификацијата на договорот од Преспа во 2019 г. требаше да даде нов поттик на процесот на пристапување, ваквиот ентузијазам беше краткотраен. Очекуваниот почеток на пристапните преговори меѓу Северна Македонија и ЕУ првично беше блокиран во 2020 г. поради француските барања за посеопфатна реформа на политиката за проширување на ЕУ, кои на крајот беа исполнети со усвојување на „Новата методологија" за проширување на ЕУ од страна на Европскиот совет во март 2020 г.. Сепак, тоа не го откочи напредокот на Северна Македонија во процесот на пристапување, бидејќи кон крајот на 2020 г., почетокот на пристапните преговори беше уште еднаш блокиран, сега како последица на бугарското вето за усвојување на преговарачката рамка на ЕУ со Северна Македонија поради нов билатерален спор заснован на прашања за националниот идентитет, историја и јазик. Случувањата во 2021 г. имаа амбивалентно влијание врз македонскиот пристапен процес. Излезот од ќор-сокакот беше претставен во јуни 2022 г. од страна на француското претседателство со Советот на ЕУ и тоа во контроверзниот документ наречен француски предлог. Документот предвидуваше укинување на бугарската блокада условено со неколку отстапки во однос на бугарските барања, во прв ред вклучување на бугарско малцинство во македонскиот Устав и донесување законодавство за говор на омраза поврзано со третманот на споменатата малцинска група. Во месец јули 2022 г., македонската влада одлучи да го одобри францускиот предлог и покрај низата масовни народни собири во Скопје против предлогот и жестокото неодобрување од страна на опозициските политички партии и критиките од граѓанските организации и дел од експертската јавност. Овие случувања привремено го вратија пристапниот процес на соодветниот пат, бидејќи усвојувањето на францускиот предлог овозможи почеток на пристапните преговори со започнување на скрининг-процесот.

Дополнително, кредибилитетот на изгледите за пристапување кон ЕУ на земјите од Западен Балкан е зајакнат со неодамнешните геополитички случувања во Европа кои настанаа како последица на војната во Украина. Таа предизвика нов поттик за проширување на

ЕУ во рамките на самата ЕУ и кај нејзините држави-членки. Овој возобновен интерес за проширувањето на ЕУ предизвика сериозни дискусии за можностите за членство во ЕУ на кандидатите од Западен Балкан до крајот на оваа деценија и ја натера Комисијата на ЕУ да излезе со амбициозен план за раст за Западен Балкан, чија цел е забрзана интеграција на регионот во ЕУ.

Од друга страна, на домашен план, напредокот во пристапните преговори е условен со измени на Уставот со цел признавање на бугарското малцинство, кои и покрај неколкуте обиди во 2023 г., не успеа да добијат поддршка од опозициските партии чии гласови се неопходни за исполнување на прагот за Уставни измени.

Сепак, охрабрувачките трендови за проширување на ЕУ и пристапните перспективи на регионот немаа позитивно влијание на поддршката за членство во ЕУ во земјата. Во 2023 г., 60% од македонското население ги поддржува перспективите на земјата за членство во ЕУ. Овие резултати претставуваат намалување од 4% во однос на претходната година и го означуваат најнискиот процент на поддршка до сега. Најверојатната причина за неодамнешното намалување на поддршката за членство во ЕУ е актуелниот ќорсокак во пристапниот процес кој се случува како последица на спорот со Бугарија. Сепак, слично како и трендовите во претходните две години, падот на процентите на поддршка за членство во ЕУ не се претвори во евроскептични гласови. Како што може да се види на графиконот 1, процентот на евроскептични испитаници и понатаму е низок (12%). Во исто време, можеме да забележиме еден стабилен процент од популацијата кој се состои од неопределени и апатични испитаници, а кој во изминативе три години се зголемил на приближно 30%.

Тенденцијата на растечки меѓуетнички јаз во нивото на поддршка за членство во ЕУ кај етничките Македонци и етничките Албанци, што е забележлив во изминатава деценија, е видлив и во резултатите од истражувањето спроведено во 2023 г.. Додека мало мнозинство на етнички Македонци (53%, што е 4% помалку од 2022 г.) ги поддржува аспирациите на земјата за членство во ЕУ, поддршката кај етничките Албанци е значително повисока и изнесува 78%. Меѓутоа, во една слична дистрибуција на ставовите како и во однос на општите резултати, падот на поддршката за членство во ЕУ кај етничките Македонци нема значаен ефект врз евроскептичните ставови кај оваа група, бидејќи процентот на отворено евроскептичните етнички Македонци е само 14%. Слично како и претходните години, расте бројот на неопределени испитаници кај двете етнички групи.

На крајот, степенот на образование и приходите и понатаму се најиндикативни позитивни предиктори на поддршката за членството во ЕУ. Од друга страна, само 53% од младата популација (18-24 години) го поддржува членството во ЕУ. Заедно со групата средовечни испитаници (45-54 години), тие ја сочинуваат најголемата категорија на неопределени граѓани.

**Графикон 1[3]. Ако следната недела се оддржи референдум за членство на Република Северна Македонија во ЕУ, како би гласале вие?**




Резултатите од истражувањето од 2023 г. укажуваат на забележителна промена во некои од ставовите во однос на прашањето колку пристапувањето кон ЕУ им е лично важно на испитаниците (табела 1). Најголема промена во однос на резултатите од 2022 г. се забележува кај испитаниците кои ѝ придаваат многу големо значење на перспективата за членство во ЕУ. Така, во 2023 г., членството во ЕУ е многу важно за приближно 40% од населението, што е намалување од 15% во споредба со претходната година. Спротивно на тоа, населението за кое членството во ЕУ нема никаква важност се зголеми на речиси 20%. Претходно споменатиот меѓуетнички јаз е евидентен и во дистрибуцијата на ставовите во овој дел. Така, членството во ЕУ е многу важно за приближно половина од етничките Албанци, во споредба со 32% од етничките Македонци кои го делат истото мислење. За 23% од етничките Македонци, кандидатурата на Северна Македонија за членство во ЕУ воопшто не е важна.

---

3 Бидејќи децималните броеви се заокружени, вкупниот број можно е да не изнесува 100% (оваа забелешка се однесува за сите графикони и табели).

Табела 1

| Колку за вас е лично важно Северна Македонија да стане членка на ЕУ? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % | 2021 % | 2022 % | 2023 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Многу важно | 48 | 48 | 54 | 56 | 36 | 36 | 51 | 54 | 39 |
| Донекаде важно | 36 | 29 | 20 | 24 | 35 | 34 | 26 | 21 | 34 |
| Донекаде неважно | 5 | 5 | 6 | 5 | 10 | 13 | 5 | 7 | 6 |
| Воопшто не е важно | 10 | 16 | 18 | 14 | 18 | 16 | 16 | 16 | 19 |
| Не знам | 1 | 1 | 1,5 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 |
| Нема одговор/ одбива да одговори | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Очигледна е голема промена во мислењето на испитаниците во однос на оценката за подготвеноста на Северна Македонија за членство во ЕУ. 66% од населението го делат мислењето дека земјата не е подготвена да стане членка на Унијата. Овие резултати означуваат значително поместување на јавното мислење во однос на ова прашање, бидејќи оваа дистрибуција на ставови е за 15% поголема од претходната година. Таа, исто така, претставува највисока вредност на незадоволство во однос на степенот на подготвеност во рамките на целата лонгитудинална база на податоци. Во исто време, процентот на испитаници кои сметаат дека земјата е подготвена за членство се намали од 42% во 2022 г. на 28%, што е најниска вредност во рамките на оваа променлива досега. Дивергентната дистрибуција на ставовите меѓу двете најголеми етнички групи во земјата е очигледна и во овој случај. Етничките Македонци имаат тенденција да бидат поскептични, бидејќи 70% од испитаниците во оваа група сметаат дека земјата не е подготвена за членство. Од друга страна, околу 40% од етничките Албанци се убедени во спротивното. Како што може да се види на графиконот 2, постои забележителна недоследност во лонгитудиналната дистрибуција на податоците, што дополнително го потврдува аргументот за недостатокот на знаење кај јавноста и за немање информации во врска со механизмите на процесот на пристапување како и за оценките на ЕУ околу напредокот на земјата во процесот на интеграција.

Графикон 2[4]. Дали сметате дека земјата е подготвена за членство во ЕУ?




Од друга страна, можеме да забележиме една покохерентна дистрибуција на резултатите во изминативе три години во однос на годишниот напредок на земјата во процесот на интеграција во ЕУ. Мнозинството од населението констатирало барем одреден напредок во процесот на пристапување во 2023 г. (табела 2). Иако само 6% сметаат дека земјата напредувала многу во изминатава година, 22% сметаат дека земјата донекаде напредувала, а дополнителни 24% сметаат дека имало ограничен напредок. Спротивно на ова, 35% од испитаниците воопшто не забележале напредок, додека 10% од населението смета дека земјата уназадила во процесот на пристапување. Слично како и анализата на претходните прашања, тенденцијата кај етничките Македонци да имаат попесимистички поглед на евроинтегративниот учинок на земјата се потврдува и во овој случај. Па така, мнозинството од испитаниците во оваа демографска категорија сметаат дека или воопшто нема напредок или дека земјата уназадила во процесот на интеграција во ЕУ. Од друга страна, помалку од 30% од испитаниците етнички Албанци го делат истото мислење, додека околу 70% се убедени дека има одреден напредок во процесот на пристапување во изминатава година.

4 Графиконот ги исклучува вредностите за оние испитаници кои одбиваат да одговорат на прашањето. Во сите случаи, овие вредности се еднакви или помали од 1%

Табела 2

| **Во однос на изминатата година, колку сметате дека Северна Македонија напреднала во процесот на европска интеграција?** | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % | 2021 % | 2022 % | 2023 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Многу напреднала | 14 | 11 | 13 | 13 | 11 | 10 | 11 | 10 | 6 |
| Донекаде напреднала | 33 | 28 | 31 | 25 | 27 | 38 | 27 | 23 | 22 |
| Малку напреднала | 20 | 20 | 20 | 28 | 23 | 27 | 21 | 20 | 24 |
| Воопшто немало напредок | 26 | 30 | 27 | 30 | 33 | 20 | 33 | 30 | 35 |
| Се случило назадување | 5 | 7 | 2 | 2 | 5 | 5 | 4 | 13 | 10 |
| Не знам | 2 | 3 | 7 | 2 | 1 | 1 | 3 | 3 | 2 |
| Нема одговор/ одбива да одговори | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |

Една друга значајна промена во македонското јавно мислење може да се забележи кај согледувањата за тоа кои се најголемите пречки за перспективите на земјата за членство во ЕУ. Во претходните три години имаше конзистентност во мислењата во однос на опструкциите наметнати од соседните држави како најголем виновник за немањето напредок во пристапувањето на Северна Македонија кон ЕУ. Ваквите мислења се базираат на сегашните и претходни случаи на блокирање на пристапните преговори од страна на соседните земји членки на ЕУ. Сепак, во 2023 г. забележуваме значителен пад од околу 20% кај населението кое ги посочува опструкциите од соседните земји како главна пречка за членство во ЕУ. Додека во 2022 г. речиси половина од населението го имало тоа мислење, во 2023 г. оваа бројка се намали на 30%. Од друга страна, резултатите од истражувањето во 2023 г. го посочуваат домашниот учинок во однос на условите на ЕУ како најголема пречка во процесот на пристапување. Во таа смисла, 44% од населението смета дека неможноста на земјата да оствари задоволителен резултат во реформите стана најважна причина за тоа

зошто земјата не може да добие членство во ЕУ. На крајот, помалку од 20% од населението ја посочува неподготвеноста на ЕУ да ја прифати земјата во свое членство како главен фактор за тоа зошто земјата сѐ уште не е членка на ЕУ. Во однос на демографската дистрибуција на ставовите, постои доследност со општите резултати кај сите демографски категории.

**Графикон 3[5]. Според вас, која е главната причина зошто Северна Македонија сѐ уште не е членка на ЕУ?**




На крајот, во изминативе две години се забележува пореално гледање во однос на јавните проекции за можната временска рамка за полноправно членство на Северна Македонија во ЕУ (табела 3). Така, се забележува намалување на прилично нереалните очекувања дека Северна Македонија би можела да стане членка во следните три до пет години. Иако ова мислење сѐ уште го делат приближно 20% од населението, тоа е значително помалку од трендовите пред 2021 г.. Од друга страна, една третина од населението верува во пореалната перспектива за тоа дека Северна Македонија ќе стане членка на ЕУ во следните 10 години. Дополнителни 11% го делат мислењето дека земјата ќе стане членка на ЕУ во следните 20 години. За разлика од нив, една третина од населението е песимист и не верува дека земјата некогаш ќе стане членка на ЕУ. Овој песимизам е особено нагласен кај испитаниците етнички Македонци, при што речиси 40% од оваа група претпоставуваат дека земјата никогаш нема да стане членка на ЕУ.

5 Графиконот ги исклучува вредностите за испитаниците кои одбиваат да одговорат на прашањето. Во сите случаи овие вредности се еднакви или помали од 2%

Табела 3

| Кога сметате дека Северна Македонија ќе стане членка на ЕУ? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % | 2021 % | 2022 % | 2023 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Во следните 3 години | 14 | 18 | 27 | 23 | 14 | 20 | 18 | 11 | 8 |
| Во следните 5 години | 18 | 22 | 22 | 25 | 20 | 28 | 16 | 16 | 13 |
| Во следните 10 години | 21 | 18 | 12 | 17 | 21 | 25 | 18 | 21 | 31 |
| Во следните 20 години | 12 | 7 | 7 | 14 | 16 | 9 | 11 | 15 | 11 |
| Никогаш | 23 | 25 | 20 | 17 | 24 | 15 | 29 | 32 | 30 |
| Не знам/ одбива да одговори | 11 | 10 | 11 | 5 | 4 | 3 | 8 | 6 | 7 |

# ДЕТЕРМИНАНТИ НА ПОДДРШКАТА НА ПРОЦЕСОТ НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

## Рационалистичко-утилитарни фактори

Претходните истражувања на јавното мислење во однос на детерминантите за поддршката на европската интеграција во Северна Македонија утврдија цврста корелација помеѓу рационалистичко-утилитарните фактори и позитивните ставови кон членството во ЕУ. Накратко, поддржувачите на кандидатурата на земјата за членство во ЕУ го формираат своето мислење на оваа тема врз основа на нивните очекувања за материјалистички придобивки како резултат на успешниот процес на пристапување и последователните финансиски придобивки од членството. Подеталната анализа на податоците дополнително укажува дека овие изјави за поддршка се повеќе од социотропна, а не од егоистичка природа. Ова значи дека населението кое ги поддржува аспирациите на Северна Македонија за членство во ЕУ е вклучено во процесот затоа што испитаниците предвидуваат идни материјалистички придобивки од кои ќе има корист целото македонско општество, а не тие лично.

Овие претпоставки повторно се во голема мера потврдени со резултатите од истражувањето од 2023 г. Како што се констатира во табела 4, мнозинството од населението ги посочува економските фактори како главни предиктори за нивната поддршка за членството во ЕУ. Од првичното истражување во 2014 г., очекувањата за подобар животен стандард се постојано најчестата детерминанта за поддршка за членството во ЕУ. Во 2023 г., ова размислување го делат 25% од населението. Дополнителни 15% би гласале за членство во ЕУ поради верувањето дека тоа ќе донесе полесен пристап до работни места во странство, додека 14% ја поврзуваат својата поддршка за членство во ЕУ со очекувања за намалување на невработеноста. Во оваа смисла, кумулативниот збир на проценти од испитаниците кои својата поддршка за членство во ЕУ ја засноваат на материјалистички очекувања надминува 50% од населението. Од друга страна, нематеријалистичките фактори како предиктори за поддршка за членството во ЕУ исто така добиваат значење во изминативе пет години. Во таа смисла, речиси 20% од испитаниците својата поддршка за членството во ЕУ ја засноваат на очекувањата дека тоа ќе ја подобри сигурноста и стабилноста на земјата, додека 14% сметаат дека Северна Македонија припаѓа на „европското семејство на држави“.

Релативно низок број на испитаници (13%) ја засноваат својата поддршка за членство во ЕУ на претпоставката дека членството во ЕУ ќе го подобри квалитетот на демократијата во земјата.

Табела 4

| **Која е причината за вашиот глас за членство во ЕУ?** | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % | 2021 % | 2022 % | 2023 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Унапредување на животниот стандард | 29 | 46 | 51 | 36 | 22 | 21 | 23 | 23 | 25 |
| Намалување на невработеноста | 26 | 17 | 23 | 22 | 18 | 19 | 16 | 18 | 14 |
| Унапредување на демократијата | 10 | 5 | 7 | 9 | 13 | 13 | 14 | 12 | 13 |
| Мобилност на работници/ полесен пристап до работа во странство | 3 | 10 | 5 | 6 | 15 | 16 | 14 | 15 | 15 |
| Чувство на припадност кон „европското семејство на држави“ | 2 | 5 | 2 | 4 | 13 | 13 | 12 | 11 | 14 |
| Поголема сигурност и стабилност на државата | 27 | 16 | 12 | 23 | 19 | 19 | 20 | 20 | 19 |
| Не знам/нема одговор | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |

Економските предиктори, исто така, се оние кои најчесто се фаворизираат помеѓу перцепциите за тоа на кои општествените области членството на Северна Македонија во ЕУ би имало најголемо позитивно влијание (табела 5). Најголем дел од испитаниците (19%) очекуваат дека идното членство во ЕУ најпозитивно ќе влијае на квалитетот на животот во целина. Дополнително, 18% од населението го посочува економскиот развој како област која би генерирала најмногу позитивни придобивки од членството во ЕУ, додека 14% очекуваат дополнително намалување на невработеноста. Спротивно на тоа, нематеријалните очекувања се поретки. Така, само 12% од испитаниците очекуваат позитивни придобивки во областа на човековите права и слободи. Еднаков број испитаници ја идентификуваат зголемената стабилност како најважна придобивка од членството во ЕУ, што е за 5% помалку од претходната година.

Табела 5

| На која област најмногу ќе влијае членството на Северна Македонија во ЕУ? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % | 2021 % | 2022 % | 2023 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Развој на економијата | 23 | 25 | 25 | 20 | 18 | 19 | 19 | 21 | 18 |
| Стабилност | 13 | 15 | 15 | 13 | 14 | 12 | 13 | 17 | 12 |
| Намалување на невработеноста | 23 | 18 | 21 | 19 | 20 | 21 | 15 | 17 | 14 |
| Човекови права и слободи | 12 | 9 | 12 | 14 | 12 | 11 | 12 | 12 | 12 |
| Подобрување на инфраструктурата | 6 | 5 | 5 | 9 | 11 | 13 | 11 | 9 | 13 |
| Квалитетот на животот во целина | 16 | 18 | 11 | 13 | 17 | 16 | 15 | 18 | 19 |
| Зајакнување на националниот идентитет | 3 | 4 | 4 | 7 | 3 | 5 | 9 | 6 | 7 |
| Друго | 1 | 3 | 2 | 1 | 2 | 2 | 3 | 0 | 2 |
| Не знам | 3 | 3 | 6 | 3 | 3 | 1 | 2 | 0 | 4 |

Конечно, во рамките на овогодинешното (2023) истражување, воведовме нова променлива која има за цел да ја измери перцепцијата кај јавноста во врска со проблемот со прекумерно иселување на младото население и одливот на мозоци од Северна Македонија. И покрај очекувањата кај населението за позитивни економски придобивки од процесите на европска интеграција, огромно мнозинство од населението не верува дека пристапувањето во ЕУ ќе го спречи иселувањето на младото население од земјата. Огромна бројка од 90% од испитаниците не веруваат дека членството на Северна Македонија во ЕУ ќе ја намали емиграцијата на младото население во странство (графикон 4).

**Графикон 4. Дали сметате со членството во ЕУ ќе се намали процесот на иселување на младите од државата?**



# Идентитетски и вредносни фактори

И покрај тоа што материјалните фактори се утврдени како примарни предиктори на поддршка за членство на Северна Македонија во ЕУ, лонгитудиналната анализа укажува на тенденција на консолидација на идентитетските и вредносни фактори како главни детерминанти во формирањето на евроскептичните ставови кај македонската јавност. Идентитетските и вредносните фактори како што се перцепциите за културолошките закани кои произлегуваат од наднационалниот карактер на процесот на европска интеграција или стравот од губење на суверенитетот како евентуален исход од процесот на пристапување постепено се наметнуваат како клучни детерминанти на противењето за членство во ЕУ.

Овие аргументи се потврдени во резултатите од истражувањето од 2023 година (графикон 5). Анализата на ставовите на евроскептичните испитаници укажува дека само 13% од оваа група своето противење за членство во ЕУ го базира на економското незадоволство, односно очекувањата за влошување на животниот стандард и заканите за македонската економија. Спротивно на тоа, мнозинството од евроскептичните испитаници укажуваат на различни аспекти на културолошки закани како главни фактори поради кои тие се противат на членството во ЕУ. Така, губењето на националниот идентитет (18%), губењето на суверенитетот и независноста на земјата (15%) и промената на уставното име на државата (13%) се меѓу најчестите предиктори кај евроскептичните испитаници. Релативно висок процент од испитаниците (20%) не го поддржуваат членството во ЕУ поради верувањето дека ЕУ ја губи својата смисла и функција.

**Графикон 5. Која е причината за вашиот глас против членството во ЕУ?**




Во 2023 година може да се забележи мало поместување на себеперцепцијата кај македонското население во однос на својот идентитет. Додека во 2022 година контроверзиите со процесот на пристапување на Северна Македонија и воведувањето на други услови кои се засновани на прашања на националниот идентитет имаа веројатен ефект врз значителното зголемување на бројот на поединци кои искажуваат ексклузивен идентитет, во 2023 година процентот на оваа категорија на испитаници се намали на 71% што е за 6% помалку од претходната година (табела 6). Спротивно на тоа, бројот на испитаници кои искажуваат двоен идентитет, односно етнички и европски, се искачи на 20%. Бројот на испитаници кои го ставаат својот европски идентитет на прво место или имаат себеперцепции за ексклузивен европски идентитет останува незначителен (3% и 4% соодветно).

Табела 6

| **Пред сè, дали се чувствувате како** | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % | 2021 % | 2022 % | 2023 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Само Македонец/ Албанец/ друг | 69 | 70 | 77 | 69 | 67 | 78 | 60 | 77 | 71 |
| Македонец/ Албанец/ друг и Европеец | 20 | 20 | 15 | 20 | 24 | 14 | 25 | 13 | 20 |
| Европеец и Македонец/ Албанец/ друг | 6 | 7 | 3 | 4 | 7 | 7 | 10 | 3 | 3 |
| Само Европеец | 3 | 3 | 3 | 5 | 1 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Не знам | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 | 0 | 3 | 3 | 2 |

Сепак, во 2023 година постои несовпаѓање со лонгитудиналните трендови кои се утврдени во претходните истражувања, каде што не постоеше значајна корелација помеѓу изјавувањето ексклузивен етнички идентитет и евроскептицизмот, бидејќи дистрибуцијата на ставовите меѓу оваа категорија беше многу слична со општата дистрибуција. Имено, оние испитаници кои изјавуваат ексклузивен етнички идентитет се помалку ентузијастични за членството во ЕУ во споредба со претходните години бидејќи 50% од оваа група отворено го поддржува членството во ЕУ, што е на пример за 10% помалку од претходната година. Слично на општата дистрибуција на ставовите наведена во графиконот 1, овој пад на поддршката не се претвори во евроскептични гласови, туку резултираше со зголемен процент на неопределени гласачи.

# Сугестии од политичките партии

На крајот, го мериме влијанието на сугестиите кои доаѓаат од политичките партии, како фактори за формирање став во однос на процесот на европска интеграција во Северна Македонија. Улогата на партиските сугестии како предиктори на јавното мислење се заснова на претпоставката дека, поради дефицитот од информации во врска со сложените политички процеси како што е процесот на европска интеграција, симпатизерите на политичките партии добиваат индиции од нивните соодветни партиски раководства кога формираат мислења за прашања поврзани со тие процеси. Нашите лонгитудинални анализи на корелацијата меѓу мислењата на партиските симпатизери и официјалните ставови на соодветните партии генерално ја потврдуваат хипотезата за сугестии од политичките партии.

Во текот на целиот временски период што е опфатен во оваа анализа, практично сите релевантни политички партии во Северна Македонија официјално ги поддржуваат аспирациите на земјата за европска интеграција и членство во ЕУ. Сепак, и покрај општиот партиски консензус, имаше значителни разлики меѓу главните политички партии во однос на повеќе случувања поврзани со процесот на пристапување и за некои аспекти на политичката условеност од ЕУ во тој процес. Од една страна, најголемата политичка партија во владејачката коалиција, СДСМ, континуирано ги става евроинтеграциите како највисок приоритет на својата политичка агенда. Во оваа смисла, напредокот во пристапниот процес и почетокот на пристапните преговори беа движечката сила зад одлуката на Владата да го прифати „францускиот предлог“ и да се обиде да издејствува исполнување на условите поставени со предлогот и покрај широките критики од опозициските партии и некои граѓански организации. Од друга страна, најголемата опозициска партија, ВМРО-ДПМНЕ, која генерално исто така е голем поддржувач на пристапниот процес кон ЕУ, беше многу критична кон отстапките што ги направи Владата во однос на бугарските барања и условите поставени во „францускиот предлог“. За таа цел, официјалниот став на партијата е дека нема да ги поддржи уставните измени за вклучување на бугарското малцинство во Уставот како клучно барање на ЕУ за натамошен напредок во пристапните преговори се додека не се добијат цврсти гаранции дека нема да има дополнителни барања и опструкции на пристапниот процес од бугарска страна.

Врз основа на овие случувања, може да се претпостави дека, со прифаќањето на сугестиите кои доаѓаат од раководството на нивната партија, испитаниците кои се симпатизери на СДСМ повеќе би го поддржале пристапниот процес во споредба со поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ со оглед на нивното противење на „францускиот предлог". Оваа претпоставка е потврдена со резултатите од истражувањето од 2023 година, (графикон 6). Споредено со 2022 година, има различни поместувања во мислењата во двата партиски табора. Намалувањето на поддршката за членство во ЕУ во 2022 година помеѓу поддржувачите на СДСМ се чини дека била привремена, бидејќи во 2023 година процентот на симпатизери на СДСМ кои го поддржуваат членството во ЕУ е зголемен за 10% достигнувајќи екстремно висок праг од 90%. За разлика од тоа, бројот на симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ кои го поддржуваат членството во ЕУ е многу помал и изнесува 43%, што е за 10% помалку од претходната година. Сепак, овој пад на поддршката немаше никакво влијание на бројот на евроскептични симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ бидејќи процентот на поддржувачи на ВМРО-ДПМНЕ кои отворено се против членството во ЕУ остана ист како и претходната година (19%). Повеќе од една третина од поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ се или неопределени (20%) или не би гласале на хипотетички референдум за членство во ЕУ (18%).

**Графикон 6[6]. Доколку следната недела се одржи референдум за членство на Република Северна Македонија во ЕУ, како би гласале вие?**




6 Анализата ги зема предвид само податоците за двете најголеми партии во земјата: ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Податоците за другите партии не се содржани поради малата големина на примерокот. Вредностите кои се однесуваат на одговорите не знам и нема да гласам не се вклучени во графиконот.

Спротивставените трендови во мислењата во врска со квалитетите на пристапниот процес меѓу поддржувачите на двете доминантни партии во Северна Македонија се забележуваат и во дистрибуцијата на ставовите кај другите варијабли кои се опфатени со истражувањето. Слично на претходните две години, динамиката на односите „владејачка наспроти опозициска партија" се рефлектира во значителната дивергенција во оценката за напредокот постигнат во процесот на пристапување во изминатата година. Додека огромен број од 93% од поддржувачите на СДСМ (27% повеќе од претходната година) сметаат дека земјата напредувала во процесот на евроинтеграции во 2023 г., 70% од поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ сметаат дека земјата воопшто не напредувала или дека таа назадувала во изминатата година. Слична варијација во резултатите може да се забележи и во оценката за подготвеноста на Северна Македонија за членство во ЕУ. Додека 60% од гласачите на СДСМ го делат мислењето дека земјата е подготвена за членство во ЕУ, 83% од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ веруваат во спротивното.

# Информации за КАС

–

Слобода, правда и солидарност се основните начела врз кои почива работата на фондацијата Конрад Аденауер Штифтунг (КАС). КАС е политичка фондација тесно поврзана со Христијанската Демократска Унија на Германија (ЦДУ). Ние работиме на образовни програми за општеството и соработуваме со владини институции, политички партии, граѓански организации и избрани елити, градејќи силни партнерства. Заедно со нашите партнери даваме придонес кон создавањето на меѓународен поредок, кој овозможува секоја земја да се развива во духот на слободата и својата одговорност.

**Контакт податоци за КАС**

-

Адреса: ул. Ристо Равановски
бр.8, 1000 Скопје.
Телефонски број: +389 2 321 70 75
+389 23 21 70 76,
електронска пошта: Skopje@kas.de

# Информации за ИДСЦС

–

ИДСЦС е тинк тенк организација која го истражува развојот на доброто управување, владеењето на правото и европските интеграции на Северна Македонија. ИДСЦС има мисија да ја помогне граѓанската вклученост во носењето на одлуки и да ја зајакне партиципативната политичка култура. Преку зајакнување на слободарските вредности, ИДСЦС придонесува на соживот помеѓу различностите.

**Контакт податоци за ИДСЦС**

-

Адреса: ул. Мирослав Крлежа
бр. 52/1 /2, 1000 Скопје
Тел. бр.: +389 2 3094 760 ,
електронска пошта: contact@idscs.org.mk

# Информација за авторот

**Иван Дамјановски** е професор на Политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Неговите истражувачки интереси се фокусираат на демократизација, европеизација на земјите кандидати за членство во ЕУ, проширувањето на ЕУ, теоријата за европска интеграција, и етнички идентитети.

IDSCS | Институт за демократија
Социетас цивилис - Скопје

KONRAD
ADENAUER
STIFTUNG